Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 септември 2022 година**

**Скопје, септември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 септември 2022 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Васко Ковачевски, директор на АД Електрани на Северна Македонија и Николче Бабовски, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања м-р Бојан Маричиќ и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министерот за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година

- Усвојување на Записникот од 78-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2022 година

*

*   *

1. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија-Скопје)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, У.бр.37/22 (КП.бр.2304 дел 1 за КО Карпош)

3. Информација за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија

4. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во областа на дијаспората

5. Предлог на закон за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III)

6. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/1277 на Советот од 21 јули 2022 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

7. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/1315 на Советот од 26 јули 2022 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

8. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1241 на Советот од 18 јули 2022 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примената на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2022/152

9. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/950 на Советот од 20 јуни 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да'еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив

10. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1019 на Советот од 27 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран

11. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/118 на Советот од 27 јануари 2022 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во поглед на состојбата во Тунис

12. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/152 на Советот од 3 февруари 2022 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2021/1192

13. Информација за зголемување на контрибуцијата на Република Северна Македонија во Фондот за соработка на Централноевропската иницијатива (ЦЕИ)

14. Информација за пристапување кон членство на Република Северна Македонија во Унијата за Медитеранот

15. Информација за потпишување Договор за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и општините, со усогласен текст на Договор

16. Информација за Секторската спогодба помеѓу Република Северна Македонија претставена од Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија од Инструментот за претпристапна помош во областа на соработка „Земјоделство и рурален развој“ (ИПАРД III), со усогласен текст на Секторска спогодба

17. Информација за донесување решение за изменување на Решението за именување на членови на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-решение

18. Предлог-одлука за определување на квота за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2022 година

19. Информација за давање согласност за набавка на товарно возило за потребите на лабораторијата за висок напон при Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“-Скопје

20. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Дервиш Цара“, с.Долно Палчиште-Боговиње)

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сабедин Бајрами“, с.Камењане, Боговиње)

22. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (ООУ „Сами Фрашери“ , с.Пирок, Боговиње)

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Абдил Фрашери“, с. Боговиње, Боговиње)

24. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „7 Марси“, с.Челопек-Брвеница)

25. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „Коста Рацин“, с.Брвеница, Брвеница)

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ,, Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“, с.Арачиново, Скопје)

27. Кадровски прашања

28. Прашања и предлози

29. Информација за работа на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година

30. Годишен извештај за работата на Агенција за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, со дополнување

31. Извештај за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2021 година

32. Известување за извршениот координиран вонреден инспекциски надзор долж крајбрежјето на Охридското Езеро на територијата на општините Охрид и Струга, со цел воспоставување на фактичката состојба за потенцијални градежни работи во заштитената зона и употребата на земјоделското земјиште за други намени и Известување за координиран вонреден инспекциски надзор на градежните активности во Старата скопска чаршија.

33. Информација во врска со Предлог-меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на рударството и енергетиката, со текст на Меморандум

34. Информација со Извештај за евалуација на понуди на Комисијата за спроведување на постапките за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, со Предлог-одлуки

35. Информација за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, со Предлог-одлука

36. Информација за исплата на пензии за септември 2022 година

37. Информација со Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година

38. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

39. Информација во врска со отворените прашања од втората фаза на конкурентен дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

40. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на границите на катастарските парцели во катастарската општина Кожле, Општина Петровец

41. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година

42. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

43. Информација за изземање на АД Електрани на Северна Македонија од задолжението по точка 76 од Нацрт-записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година

44. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

45. Информација за состојбата со мерните системи во примо-предавателната станица за природен гас Жидилово

46. Информација во врска со набавка и инсталација на дизел електрана за производство на електрична енергија со инсталирана моќност од 25 MW

47. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје

48. Информација за скратување на периодот за наводнување од акумулацијата Тиквеш до 15.9.2022 година

49. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Seven Stars 22“, со Предлог-одлука

50. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија

51. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

52. Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

53. Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

54. Одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

55. Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

56. Информација за статусот на финансирањето на Проектот за експресен пат А4, Штип-Радовиш, втора фаза-Реконструкција на две подделници: клучка Три Чешми-клучка Штип Југ (од км-3+213 до км 5+060) и клучка Бучим-Клучка Радовиш (од км 28+560 до км 37+199)

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 72-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година и Записникот од 78-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2022 година

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, У.бр.37/22 (КП.бр.2304 дел 1 за КО Карпош), во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да ја дополни Информацијата со детална анализа на искуствата од земјите на Европската Унија во кои биле воведени вакви инструменти, кои биле причините за воведување на истите и кои се ефектите од нивната примена, како и со податоци за постојните инструменти кои веќе им се достапни на земјоделците во нашата земја, пристапот до нив, интересот за нивно користење и проблемите со кои тие се соочуваат при нивно користење.

Материјалот да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во областа на дијаспората, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Игор Попов, директор во Министерството за надворешни работи и Сашо Марковски, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III), го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Дрита Алиу Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, Евгенија Серафимовска-Кирковски, раководител на сектор во Секретаријатот за европски прашања и раководител на канцеларијата на НИПАК и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/1277 на Советот од 21 јули 2022 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/1315 на Советот од 26 јули 2022 година за спроведување

на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1241 на Советот од 18 јули 2022 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примената на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2022/152, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/950 на Советот од 20 јуни 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИЛ (Да’еш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти поврзани со нив, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1019 на Советот од 27 јуни 2022 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/118 на Советот од 27 јануари 2022 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во поглед на состојбата во Тунис, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/152 на Советот од 3 февруари 2022 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2021/1192, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на контрибуцијата на Република Северна Македонија во Фондот за соработка на Централноевропската иницијатива (ЦЕИ), ја усвои Информацијата, се согласува со зголемувањето на контрибуцијата и го задолжи Министерството за надворешни работи во буџетот за следната 2023 година да го предвиди зголемувањето на висината на средства за исплата на контрибуција на Република Северна Македонија кон ЦЕИ од досегашните 3.690 евра на 15.000 евра.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување кон членство на Република Северна Македонија во Унијата за Медитеранот и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за пристапување кон членство на Република Северна Македонија во Унијата за Медитеранот со тоа што предлагачот согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии да ја дополни Информацијата со финансиски показатели во поглед на потребните средства и истите да бидат обезбедени во рамки на одобрениот буџет на ресорните министерства.

2. Се задолжува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, најдоцна до 30 септември 2022 година, да упати писмо-одговор до Жозеф Борел, високиот претставник на Европската Унија и потпретседател на Европската комисија и Ајман Сафади, министер за надворешни работи на Кралството Јордан, во кое од страна на Република Северна Македонија ќе се потврди заложбата кон вредностите и споделените цели на Унијата за Медитеранот, како и прифаќањето на т.н. Барселонски процес кој го опфаќа целокупното законодавство на Унијата за Медитеранот, вклучително и Заедничката декларација на Самитот за Медитеранот во Париз (2008), Завршната декларација на Министерската конференција на Унијата за Медитеранот од Марсеј (2008), како и останатите министерски декларации и други усвоени документи од страна на земјите-членки на Унијата за Медитеранот на различни теми за соработка, како и Статутот на Секретаријатот на Унијата за Медитеранот и Договорот за седиште на Унијата за Медитеранот и едновремено би се потврдила волјата на Република Северна Македонија за почитување на сите одговорности и обврски кои произлегуваат од членството во Унијата за Медитеранот.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување Договор за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и општините, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и општините.

2. Се овластува министерот без ресор задолжен за дијаспора, д-р Џемаил Чупи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише договорите за соработка во областа на дијаспората помеѓу Владата на Република Северна Македонија и општините.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена од отворањето на општинските канцеларии за соработка со дијаспората да ги ангажира своите вработени да соработуваат во координација со вработените во

општините определени во проектот „Центар за дијаспора“, со цел заеднички да се излезе во пресрет на граѓаните од дијаспората.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Секторската спогодба помеѓу Република Северна Македонија претставена од Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија од Инструментот за претпристапна помош во областа на соработка „Земјоделство и рурален развој“ (ИПАРД III), со усогласен текст на Секторска спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Секторската спогодба помеѓу Република Северна Македонија претставена од Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија од Инструментот за претпристапна помош во областа на соработка „Земјоделство и рурален развој“ (ИПАРД III).

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, м-р Бојан Маричиќ, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Секторската спогодба помеѓу Република Северна Македонија претставена од Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија од Инструментот за претпристапна помош во областа на соработка „Земјоделство и рурален развој“ (ИПАРД III).

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување решение за изменување на Решението за именување на членови на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за определување на квота за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за набавка на товарно возило за потребите на лабораторијата за висок напон при Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“-Скопје и не даде согласност за набавка на товарно возило за потребите на лабораторијата за висок напон при Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“-Скопје, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Дервиш Цара“, с.Долно Палчиште-Боговиње), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сабедин Бајрами“, с.Камењане, Боговиње), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (ООУ „Сами Фрашери“, с.Пирок, Боговиње), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Абдил Фрашери“, с. Боговиње, Боговиње), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „7 Марси“, с.Челопек-Брвеница), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „Коста Рацин“, с.Брвеница, Брвеница), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ,, Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“, с.Арачиново, Скопје), во предложениот текст.

**Точка 27**

1. Владата го разреши Алириза Османи од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје, поради истек на мандатот.

1.1. Владата го именува Алириза Османи за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје.

2. Владата од должноста членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“-Тетово, ги разреши:
-Горан Савески и
-Душко Коцески.

2.1. Владата за членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“-Тетово, ги именува:
-Ванчо Аксоски и
-Сашо Лалчевски.

3. Владата ја разреши Орхидеја Ефтимова од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско, Струмица, од редот на стручните работници, на нејзино барање, поради судир на интереси.

3.1. Владата ја именува Габриела Горгиева за член на Управниот одбор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско, Струмица, од редот на стручните работници.

4. Владата заклучи да му предложи на Собранието на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје, согласно член 364 од Законот за трговските друштва да ја констатира оставката на Горан Маркоски, а за член на Надзорниот одбор на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје претставник на Владата да го избере Златко Лазиќ.

**Точка 28**

1. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување на Законот на животната средина, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-6823/1 од 23 јуни 2021 година.

2. Владата ја донесе Одлуката за прифаќање на исплатениот паричен надомест на двајца припадници на безбедносните сили на Министерството за одбрана како справедлив надомест на нематеријална штета, во предложениот текст.

3. Владата ја донесе Одлуката за прифаќање на исплатениот паричен надомест како справедлив надомест на нематеријална штета на двајца припадници на Министерството за внатрешни работи , во предложениот текст.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 8 септември 2022 година до 14 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 25 август 2022 година до 31 август 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

6. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија, за период од 8 септември 2022 година до 14 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

7. Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, заклучи да престане да важи заклучокот донесен на 82-та седница на Владата, одржана на 13 септември 2022 година, со кој беше задолжено Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за катастар на

недвижности и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, во рок од две недели, до Владата да достават соодветно предлог-решение, со кое општините ќе можат да ги користат податоците за имот од катастарот без надоместок.

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 8 септември 2022 година до 14 септември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

9. Владата го разгледа и го прифати Барањето за соработка и ослободување од плаќање при организација на Скопски маратон, под бр. 03-41 од 20 септември 2022 година.

**10.** Владата ја разгледа Информацијата за постапување по Одлуката за определување на заштитни зони на изворот Студенчица на ЈП „Студенчица“-Кичево и го задолжи Институтот за јавно здравје да ја разгледа можноста за измена на заштитните зони утврдени во постојната Одлука за определување на заштитни зони на изворот „Студенчица“ на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево поради Барањето за изградба на ветерен енергетски парк во втората зона и соодветно за истото, во рок од седум дена, да ја информира Владата.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за работа на Интерресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенција за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2021 до 31.12.2021 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ги симна од Дневен ред Известувањето за извршениот координиран вонреден инспекциски надзор долж крајбрежјето на Охридското Езеро на територијата на општините Охрид и Струга, со цел воспоставување на фактичката состојба за потенцијални градежни работи во заштитената зона и употребата на земјоделското

земјиште за други намени и Известувањето за координираниот вонреден инспекциски надзор на градежните активности во Старата скопска чаршија.

## Точка 33

Владата разгледа Информацијата во врска со Предлог-меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во областа на рударството и енергетиката, со текст на Меморандум и ја усвои со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Информацијата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата со Извештај за евалуација на понуди на Комисијата за спроведување на постапките за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за поништување на постапката за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија,

2. Одлуката за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија

3. Одлуката за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за септември 2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 28.9.2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со септемвриските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 29.9.2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 29.9.2022 година (четврток);

-За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 30.9.2022 година (петок);

-За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 3.10.2022 година (понеделник ) и

-За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 4.10.2022 година (вторник).

**Точка 37**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го преработи материјалот согласно укажувањата од Секретаријатот за законодавство, изнесени во расправата на Владата.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и ја донесе Одлуката, со заклучок во членот 1 да се дополни бројот на Службен весник на Република Северна Македонија 137/22.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со отворените прашања од втората фаза на конкурентен дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги да ја разгледа можноста за ревизија на методологијата за пресметка на тарифата за дистрибуција на природен гас за нов дистрибутер и одговорот да го достави до Владата во рок од 30 дена.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да направи финансиска проценка на вредноста на нивната инфраструктура за дистрибуција на природен гас и по изборот на идниот концесионер за дистрибуција на природен гас да започне постапка за нејзино отстапување.

3. Се препорачува на Операторот на системот за пренос на гас АД ГА-МА Скопје кој меѓу другото оперира и со гасоводната мрежа со работен притисок помал од 16 бари да направи финансиска проценка за ваквата инфраструктура и по изборот на идниот концесионер за дистрибуција на природен гас да започне постапка за нејзино отстапување.

4. Се задолжува Министерството за економија во соработка со Министерството за финансии во склоп на постоечките програми за финансиска поддршка на домаќинствата и стопанството да изготват интегрирани мерки за субвенционирање на приклучоците во дистрибутивната мрежа на природен гас кај домаќинствата и стопанството и за истото да ја информираат Владата во рок од 30 дена.

5. Се задолжува Министерството за финансии да испрати допис до ЕБОР со барање за обезбедување на мека кредитна линија потребна за финансирање на изведба на внатрешната инсталација за природен гас кај домаќинствата, јавниот сектор и стопанството во државата.

6. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за олеснување на одредени царински давачки за увоз и данок на додадена вредност на материјали, опрема и природен гас потребни за изградба на дистрибутивната мрежа на природен гас во државата.

7. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија по склучување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, да започне со спроведување на постапката за експропријација на земјиштето потребно за реализација на концесискиот договор.

8. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да даде мислење за можноста за продолжување на Договорот за јавно приватно партнерство за не повеќе од 20 години, имајќи ги предвид спецификите и ризиците на Проектот, како и значењето и важноста на проектот за развој на државата притоа во целост зачувувајќи го јавниот интерес.

9. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на границите на катастарските парцели во катастарската општина Кожле, Општина Петровец, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на границите на катастарските парцели во катастарска општина Кожле, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, во предложениот текст

**Точка 42**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за изземање на АД Електрани на Северна Македонија од задолжението по точка 76 од Нацрт-записникот од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година, ја усвои Информацијата и заклучи, АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“ во државна сопственост Скопје да се изземе од задолжението, од заклучокот бр.5 од точка 76, донесен по Предлог-антикризните мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор.

**Точка 44**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави известување за тоа дали се завршени судските постапки во однос на доделување концесија на дивечот во ловиштата во ловниот реон Куманово.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со мерните системи во примопредавателната станица за природен гас Жидилово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на ГА-МА АД Скопје да поднесе барање до Бирото за метрологија за испитување на тип на мерила и мерни системи кои се наоѓаат во примо-предавателната станица за природен гас ГМС-Жидилово заедно со целата потребна документација (елаборати, техничка документација), по спроведувањето на соодветна постапка.

2. Се задолжува Бирото за метрологија веднаш да пристапи кон изнаоѓање на соодветна референтна и акредитарана лабораторија (по можност во Националниот метролошки институт), каде што ќе се спроведе испитување на типот на мерилата и мерните системи.

3. Се задолжува Бирото за метрологија да ја спроведе постапката за испитување на тип на мерила и мерни системи во согласност со закон и прописите донесени врз основа на закон.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата во врска со набавка и инсталација на дизел електрана за производство на електрична енергија со инсталирана моќност од 25 MW, ја усвои и го задолжи АД ЕСМ, согласно процедурите што ги има на располагање, да спроведе постапка за набавка на дизел електрана за производство на електрична енергија со инсталирана моќност од 25 MW, со цел да се зголеми капацитетот за производство на електрична енергија и за истото да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 47

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје, поради потребата предлагачот да достави комплетна документација и истата да се разгледа во редовна владина постапка.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за скратување на периодот за наводнување од акумулацијата Тиквеш до 15.9.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата имајќи ја предвид кризната состојба прогласена во делот на енергетиката, заклучи да му препорача на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, водата од

акумулацијата Тиквеш да ја користи рационално за наводнување до крајот на годината, а ресурсите да се користат за производство на електрична енергија.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Seven Stars 22“, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба „Seven Stars 22“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерство за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството за одбрана да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал од земјите учеснички, за потребите на вежбата, на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со активностите за подготовки за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување на Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници

Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 52**

Владата по Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година донесе Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2022 година, со индикативно планирани средства за 2023 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 53**

Владата по Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година донесе Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 54**

Владата по Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, донесе Одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 55**

Владата по Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година донесе Одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на финансирањето на Проектот за експресен пат А4, Штип-Радовиш, втора фаза-Реконструкција на две подделници: клучка Три Чешми-клучка Штип Југ (од км-3+213 до км 5+060) и клучка, Бучим-Клучка Радовиш (од км 28+560 до км 37+199) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да го потпише Анексот бр. 2 кон Договорот за изградба на втората фаза од изградбата на делницата Штип-Радовиш.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да ја исплати осмата времена ситуација од втората фаза на изградбата на делницата Штип-Радовиш, како и завршната ситуација за истиот Договор, откако ќе биде потпишан Анексот бр. 2 кон Договорот.

За средствата кои недостасуваат од заемот од Европската банка за основа и развој (ЕБОР) во износ од 160.960.000,00 денари да искористи средства од сопствениот буџет.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **м-р Методија Димовски** | **dr. Artan Grubi** |